измот беснее на Балканот. Ова претходно кажаното, само уште еднаш ја потврдува историската оправданост и неопходност од една ваква книга.

Љубица ГОНЕВА

## ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ И НЕПОЗНАТИ УЧЕСНИЦИ ВО МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје 1995, 177.

Во издание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија во 1995 година од печат излезе Зборникот на трудови под наслов: "Помалку познати и непознати учесници во македонското ослободително движење во XIX и почетокот на XX век". Во него се објавени реферати и соопштенија што беа поднесени на научниот собир, одржан во с. Горно Врановци во декември 1991 година, организиран од Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија.

Раководејаќи се од фактот што нашата национална историја обилува со настани и личности за кои македонската историографија ни приближно доволно не се искажала, овој Зборник е посветен токму на такви личности - помалку познати и непознати учесници во Македонското ослободително движење во XIX и почетокот на XX век. Затоа, овој Зборник заслужува од повеќе причини да и се претстави на поширокатa јавност, бидејќи тој е прв од ваков вид напишан во македонската историографија.

Концепциски, научните прилози во Зборникот, можат да се поделат на неколу тематски целини. Првата тематска целина ги опфаќа научните прилози што се посветени на ајдутските црковно-просветните и преродбенски личности почнувајќи од XVIII до крајот на XIX век, како што се: свештеникот Спасе Игуманов, Иван Стојков од Кочани, Методиј Јовче Кусев, поп Христо Поп Стефанов од Крушево, Јанакија Стрезов од Охрид и други.

Втората и најголема тематска целина е посветена на помалку познати, но активни и значајни личности, учесници во македонкото национално ослободително движење во предилиденскиот, во илинденскиот и во постилиденскиот период од историјата на македонскиот народ.

Тука би ги истакнале: војводата Стефо Николов, Петар Манцуков, Јордан Гавазов, Ванчу Џоне од Крушево, Стефан Ролев, тиквешките војводи - Добри Даскалов и Пешо Самарџиев, Никола Малешевски, преспанскиот војвода Кочо Кочовски, велешките илинденски војводи - Андреја Димов - Докурчев и Иван Наумов-Алабакот, војводата Арсо Мицков Велјаноски, Диме Попоски, велешанецот Димо Брлев и други.

Третата, помала, тематска целина се однесува на личности во нашата национална историја кои живееле и делувале во периодот меѓу двете светски војни и во периодот на Народноослободителната војна, како и во најновата историја на македонскиот народ, меѓу кои би ги истакнале: Владо Николов Рикалоски, Димитар Ацев-Шуманов, Владислав (Славчо) Ковачев, Мише Иваноски, Илија Димовски-Гоце, Михаило Керамитчиев, Христо Галабов, Андреја Чипов, Вангел Ајановски-Оче и други.

На крајот треба да истакнеме дека, една сосема мала тематска целина, се однесува на помалку познатите личности од македонско потекло кои од различни причини живееле и делувале надвор од границите на Македонија, како што е случајот во Албанија, Америка и на други места, Тука би ги истакнале: учителите Димитрие Дрвар и Георги Захаријади, Димитар Џанко и Спасе Штерио, истакнати македонски личности во Албанија, Фото Томев од Канада и други.

Вака конципираниот Зборник претставува солиден придонес во расветлувањето, синтетичкото и континуирано прикажување на ликот и делото на помалку познатите и непознати учесници во македонското ослободително движење во наведениот период, односно овозможува да излезат од заборав или од анонимност доста значајни личности од македонското националноослободително движење, со што истите го најдоа своето место во историјата на македонскиот народ. Но, напоредно со тоа, во наведените научни прилози, се расветлени и низа историски, социјални, класни и други појави и движења во историската зона, сврзани со ликот и дејноста на тие личности.

Треба да напоменеме дека презентираните материјали во Зборникот, чии автори се универзитетски професори, научни и просветни работници, се изработени врз богата документациона основа (изворна документација и литература), што уште повеќе ја потврдува автентичноста и вредноста на овој Зборник.

Овој Зборник претставува посебен и непроценлив прилог кон утврдувањето и расветлувањето на животот и дејноста на одделни личности од македонската историја. Со оглед на тоа, што со него ќе се пополни една видлива празнина во нашата национална историја, сметаме дека тоа ќе даде поттик и во иднина уште поаргументирано да се дообработат сознанијата за македонските помалку познати личности во македонското преродбенско, црковно-будителско, културно-просветно, национал-

нооslобoдително и револуционерно движење од крајот на XVIII век до денешни дни.

Убедена сум дека овој Зборник со својата содржина ќе го предизвика вниманието не само на научната туку и на поширокиата јавност.

Надежда ЦВЕТКОВСКА

**МАКЕДОНСКО - РУСКИТЕ ВРСКИ ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК**, Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје, 1996, 224.

XIX-от век е столетие на борби и настојувања за духовна , културна, просветна , народносна и политичка еманципација и афирмација на македонскиот народ.

Воедно, тоа е време кога големата словенска држава - Русија , врз основа на мировните договори (склучени со Османската држава) од 1774 година и 1829 година, се здобила со ексклузивно право на "заштитник на православните христијани" во Турција - станувај'и на тој начин, надеж и инспирација за ослободителниот настап на македонскиот и воопшто на балканскиот словенски свет.

Токму широкиот спектар од заемни односи, влијанија и интереси меѓу овие два словенски народи, присутни во XIX и во почетокот на XX век, третирани од страна на македонски и руски научни работници, аналитично и логички, сериозно и врз најнов архивски материјал, ја чини содржината на Зборникот "Македонско - руските врски во XIX и почетокот на XX век".

Истиот содржи вкупно 24 научни прилози и соопштенија на одделни македонски и руски историчари, учесници на Првиот македонско-руски научен собир одржан на 1 и 2 октомври 1991 година, во просториите на МАНУ - Скопје, како и научни прилози од меѓународните собири одржани во Москва (1989 година) и Цетиње (1991 година), тематски соодветни на публикацијата. Споменатиов научен собир во Скопје е организиран од страна на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија и е прв меѓународен научен собир организиран од негова страна. Конечно во 1996 година, пет години од орджувањето на собирот, Сојузот успеа, под редакција на д-р Александар Трајановски, да ги публикува материјалите, правејќи ги на тој начин достапни до научната и поширокиата читателска јавност.

Културните, црковните, економските, политичките и дипломатските аспекти на македонско - руските врски се главните теми обработени во статиите и прилозите на Зборникот.